Opredeluvanje na izvori na stres kaj nastavnicite (Makedonski)
Vrsta: Seminarski | Broj strana: 16

СОДРЖИНА
Вовед..................................................................................................3
Појава, проблем и предмет на истражувањето...................................4
Појмовно категоријален апарат – дефинирање на клучните поими во истражувањето..........................................................................................6
Цели на истражувањето и очекувани резултати...................................7
Хипотетска рамка.....................................................................................8
-Генерална хипотеза
-Посебни хипотези
Методи, техники и инструменти што ќе се користат во истражувањето..........................................................................................10
Примерок на истражувањето.................................................................14
Заклучок...................................................................................................15
Користена литература...........................................................................16

Вовед

Во последно време во образовниот систем на Република Македонија постојано сме сведоци на голем број на промени, како резултат на промената на законската регулатива (донесување на нов закон за основно и средно образование, закон за државен просветен инспекторат, бирото за развој на образованието, децентрализација и сл), потреба за континуирано усовршување и др. Ако кон сето тоа се додаде и големиот број на промени во општеството, девијантните, транзицијата, глобализацијата, информатизацијата и слично тогаш е јасно дека работата на наставниците станува прилично стресна. Стресот на работното место се истакнува како важен општествен и професионален феномен, чии последици се одразуваат на работната активност како кај поединецот, така и кај целокупната работна средина. Со оглед на тоа дека наставничката професија е стресна и одговорна, важно е да се испитаат причините и последиците од стресот во таа професија.

Наставниците секојдневно се изложени на низа професионални стресови, меѓу кои како посебни можат да се истакнат непримерното однесување на учениците, проблеми со дисциплината во класот, вршењето на административните работи, недостаток на професионално признавање, односи со колегите, учениците и родителите, како и лошите работни услови и негативниот став на ученикот кон учењето.

Последните измени и дополнувања на Законот за основно и средно образование во Република Македонија, каде се истакнуваат термините самоевалуација и екстерно оценување, уште повеќе придонесува за зголемување на стресот кај кадарот кој работи на образување на ученици.

Појава, проблем и предмет на истражување

Зголемениот интерес за квалитетот на образованието наметна од своја страна голем број на промени од стручен карактер, што кај наставниците пред се ги сретнуваме од дидактички аспект односно од образовната технологија. Тоа се манифестира во промени во наставата што значат промени во улогата на наставникот (од авторитарен предавач во координатор во училница, ментор, фасилитатор). Стресот на работното место се јавува кога луѓето чувствуваат дека не можат да ги задоволат потребите на околината, што може да резултира со физиолошки, психолошки и промени во однесувањето. Долгорочната изложеност на стрес може да доведе и до „согорување“ на работното место, кое најчесто се дефинира како синдром кој ги вклучува емоционалната исцрпеност, отуѓеност и чувството на недоволно постигнување. При тоа емоционалната исцрпеност се манифестира со постојан замор, зголемена раздразливост и недостаток на ентузијазам за вршење на работните задачи, а отуѓеноста со негативни ставови, дистанцирање и

рамнодушност кон целиот работен колектив, додека чувството на недоволно залагање се јавува како последица на незадоволството на поединецот за сопствената успешност кога недостасуваат неговите резултати од сработеното и очекуваното признание за неговата работа.

**---------- OSTATAK TEKSTA NIJE PRIKAZAN. CEO RAD MOŽETE PREUZETI NA SAJTU. ----------**

www.maturskiradovi.net

**MOŽETE NAS KONTAKTIRATI NA E-MAIL:** maturskiradovi.net@gmail.com